## ЧЕТИРИ ГОДИНИ УБАВО КАВАДАРЦИ



# ОТЧЕТ

***КАВАДАРЦИ НА ПРВО МЕСТО !***

***ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ***

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ



*Нов кружен тек на Западен булевар*



*Градски парк*



Почитувани,

Четири години живееме во убаво Кавадарци. Четири години заеднички ги исполнуваме сите идеи што ги имавме уште на почетокот, Кавадарци да стане убаво место за живеење. Целосниот резултат е благодарение на квалитетното и домаќинско работење на сите служби на Општина Кавадарци. Предизборната програма ја реализиравме уште многу одамна. Работевме и на проекти кои не беа дел од таа програма но произлегоа од Вас драги сограѓани. Вашите потреби и желби, Вашите идеи секогаш се на прво место.

Променет е целиот изглед на градот, но во некои делови имаме сосема нов изглед. Кавадарци го привлече вниманието на сите општини, на целата земја. Со прогресивен развој и напредок стигнавме до прво место. Да, нема да бидам скромен, Кавадарци за мене отсекогаш беше и е на прво место.

Кавадарци сега има целосно изграден и реконструиран кеј на реката Луда Мара од ул.Блажо Алексов па се до с.Ваташа. Реализацијата се вршеше преку неколку проекти кои на крајот на сочинуваат целината која го поврзува градот со с.Ваташа со пешачка зона, но и понатаму се до Моклиште со изградбата на велосипедско – пешачката патека од с.Ваташа до Моклиште.
Еден од најголемите паркови во нашата земја, Градски парк Љупчо Шкартов, сега е целосно реконструиран и обновен по цели 40 години. Во завршна фаза е и изградбата на уште еден парк, до споменикот на Киро Крстев, простор кој сега ќе биде парк со пешачка зона, фонтана и други содржини за рекреација.  Во поглед на овие проекти значително се зголемени и зелените површини низ целата територија на Општина Кавадарци. Кавадарци веќе години наназад е на врвот на листата за најеколошки град во нашата земја. Хигиената во градот е на едно завидно ниво.

Се градат две спортски сали во две училишта. ООУ Страшо Пинџур и ООУ Димката Ангелот Габерот с.Ваташа ќе добијат спортски сали по долги години постоење. Реализацијата на овие два капитални проекти само ќе ги заокружат сите останати проекти кои беа реализирани во изминатите години во сите училишта во нашата Општина.
Уште во 2019 та година со доградбата на нови простории во неколку градинки, го решивме проблемот со згрижување на деца во градинките. За неколку недели и целосно ќе заврши изградбата на нова детска градинка на ул.Ресавска. И во овој дел континуирано инвестиравме и реализиравме со што условите се значително подобрени како за децата така и за вработените.
Во делот на спортот, реализирани се низа проекти од кои најзначајни се , изградбата на скејт

парк, изградбата на нови игралишта, отворање на лизгалиште во зимскиот период како и целосна реконструкција на градскиот стадион Тиквеш. Во наредниот период ќе започне со изградба и затворениот базен на локацијата на стара Ла Луна.

Еден од најголемите проекти е изградбата на зелен пазар во централното градско подрачје. Со реализацијата на овој проект значително ќе се подобрат условите за сите нас, ќе се намали сообраќајниот метеж, централното градско подрачје ќе добие нов лик.
Во однос на инфраструктурните проекти , во изминатите години беа целосно реконструирани голем број на улици. Ул.Шишка, ул.Илинденска, Западен булевар, ул.Блажо Алексов, ул.Клинска, ул.Браќа Џунови, ул.Ресавска и уште многу други. Ова се само дел од главните сообраќајници кои добија нов модерен изглед.

Уште еден голем проект кој беше реализиран е и поставувањето на ново улично осветлување кое е модерно и економично.
Во однос на околните села во нашата општина континуирано се работи на подобрување на пристапните патишта и реализација на проекти во селата. Еден од поголемите реализирани проекти е изградбата на водоводна и канализациона линија во с.Сопот. Исто така с.Возарци и с.Марена добија детски градинки.

Драги кавадарчани,
Овие проекти се само мал дел од сето она досега сработено, што го прави Кавадарци поразлично од порано. Ова е само дел од тоа што не прави модерен и безбеден град. Град во кој младите ќе останат да живеат, да градат семејства и да напредуваат. Сето ова го постигнавме заедно, без Вас и Вашата поддршка Кавадарци немаше да биде на прво место. Ова е заеднички успех.
Сакам да изразам голема благодарност до Советот на Општина Кавадарци, вработените во локалната самоуправа и јавните претпријатија како и бизнис секторот за добрата тимска работа, самоиницијативата и несебичната заложба за нашето Кавадарци.

Во овој отчет се собрани голем дел од реализираните проекти во овие 4 години. Овие проекти се реализирани од Општина Кавадарци преку проектот Мој општинар, инвестиции во образованието, спортот и културата, инвестициите и работењето на ЈП Комуналец ЈП Паркинзи и ТППЕ Кавадарци.
Започнавме со мотото “За убаво Кавадарци. Кавадарци на прво место“ тоа и го постигнавме, а сега наше е да бидеме горди и да го зачуваме тоа што го имаме. Но најважно од се, да одиме уште напред, уште подобри и да создадеме уште поубаво Кавадарци.

Со почит,
Градоначалник
М-р Митко Јанчев

1.Пробивање на Западен Булевар




Еден од позначајните и поголемите реализирани проекти е пробивањето на Западен Булевар. По пробивањето, во последната фаза комплетно се уредија коловозните ленти со хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација, на спојот со ул."Ресавска" со регионалниот пат и ул."Јован Планински". Се поставија сообраќајни знаци и беа обележани околу 400 метри квадратни. Овој проект е веќе со години баран од жителите на овој дел од градот и ќе биде од големо значење за Општина Кавадарци. Проектот е со финансиска вредност од 16.440,158,00 денари.

2.Реконструкција на ул."Шишка"



За реализирање на овој проект, за реконструкција на улица "Шишка" беа искористени финансиски средства во вредност од 31.000,000,00 денари.
Се изврши:
- Проширување на третата коловозна лента
- Поставени се ивичњаци во должина од 2600 метри
- Поплочување на тротоари
- Комплетна хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација
- Поставување на семафори за пешаци
- Автобуски постојки од двете страни
- Должината на коловозот изнесува 1200 метри
- Површина од 16 000 метри квадратни
- Поплочени тротоари во должина од 9000 метри квадратни.



3. Изградба на велосипедско-пешачка патека од с. Ваташа до Моклиште

Се реализира проектот "Изградба на велосипедска патека од мостот во с. Ваташа до Моклиште". Проектот е во

соработка со Вардарски плански регион, а е финансиран од страна на Бирото за регионален развој – под мерката бр.323 – Изградба и реконструкција на патна инфраструктура за пристапност до и околу природни знаменитости во руралните средини, вклучително и нивно уредување и воведување на комплементарни содржини – пешачки, велосипедски и останати спортски патеки и шеталишта.
Вкупната проценета вредност на проектот изнесува 29.491,000,00 денари без вклучен ДДВ. Средствата во износ од 29.491,000,00 денари се обезбедени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, а кофинансирањето односно делот на ДДВ е на Општина Кавадарци и е во висина од 5.308,383,00 денари.

4.Изградба на паркинг простор кај Анот



Вкупната површина на паркинг просторот е 2754 метри квадратни. Со хоризонтална сигнализација и со водилки се обележани околу 40 паркинг места. Паркингот е наменет за возила кои стопанисуваат на Градскиот пазар и за оние кои живеат во близина на оваа локација.

5.Изградба на Скејт парк



Општина Кавадарци во соработка со Вардарски плански регион го реализираше проектот “Изградба на скејт парк”. Проектот е кофинансиран од Министерство за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедареција. Општина Кавадарци учевствуваше со околу 50% од вкупните средства предвидени за проектот. Проектот се реализираше со инвестиција од околу 8.000,000,00 денари. Овој Скејт парк навистина вредеше што се изгради во нашиот град, бидејќи се покажа голем интерес за истиот и привлече многу млади посетители. Овој адреналински спорт придонесува за психо-физичкиот развој на најмладите. Важно е да спомнеме дека главниот “кривец” односно иницијатор под чија иницијатива Кавадарци доби Скејт Парк е Петар Вагенер од Германија, кој подолго време волонтираше во Општина Кавадарци.

6.Изградба на регионален Вински Музеј



Општина Кавадарци во 2020 година го реализираше проектот за реконструкција и адаптација на објектот “Винска Куќа - Кавадарци”. Проектот е со финансиска конструкција од 8.925,826,80 денари со вклучен ддв. Средства во износ од 6.000.000,00 денари се беа обезбедени од страна на Вардарски плански регион преку Бирото за регионален развој, а останатиот дел во висина од 2.925,826,00 денари е од страна на Општина Кавадарци.

7. Изградба на водоводна, фекална и атмосферска канализација во с.Сопот

Се изврши реконструкција под мерката бр.321 – Развој на јавна инфраструктура во руралните средини. Со овој проект се изврши реконструкција на водоводни линии на улиците "Илинденска", "Коле Василев", "Кочо Рацин" и "Гоце Делчев" и реконструкција на атмосферска канализација на улиците "Коле Василев", "Маршал Тито" и "Илинденска" во село Сопот. Проектот е проценет на 19.607,267,00 денари без ДДВ.

8. Изградба на водоводна, фекална и атмосферска канализација во населба Клинска и асфалтирање на ул."Методиј Џунов Џикот"



Овој проект е за подобрување на општинските услуги – грант за социјална вклученост за "Раконструкција на водоснабдителен систем, одделување на атмосферска канализација и асфалтирање на ул."Клинска" и дел од ул."Методиј Џунов Џикот". Потребните средства за реализација на овој прокет изнесуваа 11.598,234,00 денари и се обезбедени во вид на грант средства од Министерство за финансии. Со проектот беше предвидено изградба на атмосферска канализација и реконструкција на постоечката водоводна линија на главната ул."Клинска" со крак 1 главна, крак1-1, крак1-2, крак 1-3, крак 1-4 и крак 2 со комплет асфалтирање на ул."Клинска" со сите краци и дел од ул."Методиј Џунов Џикот".

9. Реконструкција на патот Михајлово



На ден 11.06.2020 година е склучен договор помеѓу Владата на РСМ и ЗВ Градба Промет Доо од Кавадарци за Изведба на градежни работи за реконструкција на локален пат од клучка Р29171 до детско одмаралиште Михајлово и поставување на влезни портали во општина Кавадарци.
Вкупната проценета вредност на Проектот изнесува 38.673,732 ,00 денари без ддв.
Средствата во износ од 30.343,479,00денари ќе се обезбедат од Проектот за Локална и Регионална Конкурентност финансиран од Европска Унија, а кофинансирањето на Општина Кавадарци е во висина од 8.330,253 денари.

Опис на проектот:
- Главната цел на овој проект е Општина Кавадарци да стане препознатлива туристичка дестинација на национално и меѓународно ниво.
- Специфична цел на проектот е подобрување на инфраструктурата, зајакнување на капацитетот на туристички работници, привлекување на туристи, посетители, студенти

кои ќе ја посетат и ќе ја истражуваат туристичката дестинација “Михајлово”.



- Туристичката дестинација Михајлово да се позиционира на туристичката мапа на Република Северна Македонија.

Со цел да се обезбеди брз и безбеден пристап до оваа туристичка дестинација се изврши реконструкција на постоечкиот локален пат до Михајлово во должина од 6355 метри и ширина од 4.00 метри на патниот правец.

10. Асфалтирање на патот Страгово – Ладно Долче

Општина Кавадарци го реализира проектот Реконструкција на локален пат Ладно Долче, преку доискористување на финансиските средства од под проектот „Реконструкција на коловоз на улици и булевари во општина Кавадарци„ по основ на Договор за под заем МСИП2/004-18 склучен помеѓу општина Кавадарци и Министерството за Финансиии. Финансиските средства потребни за реализација на проектот се во висина од 11.674,920,00 денари со ддв.Изведувач над работите е фирмата ЗВ Градба Промет Доо од Кавадарци.

11. Доизградба на кејот на реката Луда Мара

Проектот за “Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара, со партерно и урбано уредување”, се реализираше во соработка со Вардарски плански регион, врз основа на приоритетност до Биро за регионален развој, а во рамка на Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година. Вкупната должина изнесува 685 метри, од мостот во урбана заедница Слога па се до зградите Силекс. Со реализацијата на оваа фаза се завршува целокупната должина предвидена со Основниот проект за реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара со партерно и урбано уредување. Вкупната проценета вредност на Проектот „ Реконструкција на регулирано речно корито на река„Луда Мара (од мостот Слога до згради Силекс)”, изнесува 22.999.911 денари. Средствата во износ од 6.000.000денари ќе се обезбедат од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година, а кофинансирањето на Општина Кавадарци е во висина од 16.999.911 денари .



12.Реконструкција на средно шумарско училиште "Ѓорче Петров"



Општина Кавадарци го реализира проектот "Подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СОЗШУ Ѓорче Петров". Вкупната вредност на Проектот е 4.950,000,00 денари (90 000 USD), а учеството на општината е во износ од 300.000,00 денари. Проектот опфаќа подобрување на инфраструктурата и енергетската ефикасност во СОЗШУ Ѓорче Петров преку промена на кровната конструкција, поставување на енергетска термо фасада и промена на постоечкото осветлување со лед осветлување во училиштето. Финансиските средства за реализација на проектот се обезбедени преку Канцеларијата на Обедните нации-Проект за Норвешка поддршка за развој на Северна Македонија-ЦФП 03-2019.

13.Изградба на колектор

Оперативата на фирмата "Градба промет" ги реализираше новите 1900 метри од колекторот за прифаќање на отпадните води на град Кавадарци. Колекторот се зголеми во должина од 2270 метри на 4170 метри. Самата колекторска мрежа ги носи отпадните води до локацијата на идната прочистителна станица под селото Марена. Овој еколошки проект е од исклучително значење за Општина Кавадарци, бидејќи со негова реализација, реката Луда Мара која е реципиент на сите отпадни води од градот ќе биде прочистена и во Вардар ќе се влева незагадена вода.

14.Изградба на нова детска градинка на ул."Ресавска"



Проблемот за недостиг на капацитети за згрижување на деца во нашиот град стана минато. Во тек е изградба на нова детска градинка на ул."Ресавска". Станува збор за објект на две нивоа кој ќе располага со 7 занимални и има капацитет да прими 155 деца. Вкупната површина предвидена за изградба на детската градника изнесува 1145 метри квадратни. Главен инвеститор е Министерството за труд и социјална политика со финансиски средства од 47.000,000,00 денари, додека пак во овој проект Општина Кавадарци инвестираше во земјиштето.

15.Реконструкција на Градски стадион



Проектот за реконструкција на Градскиот стадион – Тиквеш во нашиот град е во завршна фаза. Како инвеститори при изградба на стадионот се Агенција за млади и спорт (АМС) која даде свој придонес при реконструкција и целосна санација на тревната површина во вредност од 12.000,000,00 денари. Исто така, ФФМ и општински сојуз Кавадарци ги уредија источната и јужната трибина на стадионот во износ од 15.300,000,00 денари. Во тек е изградба на пешачка патека до стадионот, инвестиција од Општина Кавадарци, на површина од 200 метри квадратни со бехатон коцки.

16.Реконструкција на Градски парк



Меѓу по значајните проекти реализирани во 2020 година, се вбројува и реконструкцијата на Градскиот парк. Главен инвеститор е Општина Кавадарци. Од нашата општина се издвоени финансиски средства  во висина од 6.000,000,00 денари. Во долниот дел кај Бриони е направено ново холтикултурно уредување, поставена е нова урбана опрема и ново осветлување. Кај костурницата е направена нова пристапна патека од бехатон коцки за лица со инвалидитет и за потребите на  мајките со колички. Во понатамошното уредување предвидено е и ново озеленување на спомен Костурницата.

17.Изградба на ниско-напонска мрежа

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива ја постави 70-та мерна точка од Системот за далечинска контрола, мониторинг и регулација на Јавното улично осветлување во градот и селата. Се работеше на трансформаторот во селото Моклиште и на делот од ситемот во викенд населбата. Согласно проектот треба да се поставаат вкупно 103 мерни точки на територијата на општината. Со овој проект општината Кавадарци е меѓу првите во Македонија кои ги применуваат современите енергетски и информатичи технологии и еколошките стандарди во управувањето со системот за јавно улично осветлување.

18.Изградба на пешачки мост во с. Марена

Изграден е пешачки мост во село Марена кој значително ќе го олесни движењето на пешаците на таа локација. Општина Кавадарци како одговорна општина несебично инвестира и гради на територија на целиот град и руралните средини се со цел подобрување на условите за граѓаните.

19.Изградба на кеј на реката Луда Мара



Успешно реализиран проектот за изградбата на кеј од мостот Слога кон Ваташа. Овој проект е во должина од 680 метри и е совкупна вредност од 21 500 000 денари. Проектот е финансиран од Биро за развој на Вардарски плански регион и буџет на Општина Кавадарци. Изведувач на градежните активности е Цвет Компани Скопје. Со изградбата на оваа делница се спои кејот-шеталиште Ваташа со делот во Кавадарци кај мостот „Слога“. Со реализацијата на петтата фаза од изградбата на кејот-шеталиште, општината Кавадарци ќе регулира и урбанизира три километри од коритото на реката Луда Мара.

20. Изградба на спортска сала во ООУ “Страшо Пинџур” - Кавадарци



Изградба на спортска сала во дворното место на ООУ “Страшо Пинџур” - Кавадарци како дел од Проектот за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали финансиран од Владата на Република Северна Македонија. Спортската сала е со површина од 650м2, се состои од две меѓусебно поврзани секции: секција на помошни простории и секција на главен простор - фискултурна сала. Изведувач на работите е ГД ГРАНИТ АД Скопје.

21. Изградба на нов зелен пазар



Отпочната реализација на проектот за изградба на Градскиот зелен пазар. Општина Кавадарци гради современ покриен зелен пазар во две нивоа за паркирање и едно ниво за продажба на свежи зелени производи, како и производи кои бараат посебни услови.Трите нивоа се поврзани преку вертикални комуникации: скалници, товарен лифт за достава на роба и помал лифт за луѓе. Општината Кавадарци за изградба на овој објект ќе инвестира 102.616.159 денари.

22. Младински центар во Општина Кавадарци

Во Општина Кавадарци беше отворен првиот младински центар во Република Северна Македонија.Се потпиша договор помеѓу Општина Кавадарци и младинските организации СППМД и Креактив. Општина Кавадарци е прва од трите општини во која се отстапува на користење простор за формирање на Младински центар. Уредувањето на просторот го изврши Агенција за млади и спорт, а останатите трошоци се на Општина Кавадарци.

23. Реконструкција на улица "Илинденска"



Реализиран проектот за реконструкција на улицата "Илинденска" во должина од 612 метри и ширина од 12 метри, во рамки на "Проектот за поврзување на локални патишта".На општина Кавадарци и се доделени средства од владата на РСМ преку заемот на Светска банка, кој ќе се рализира од страна на Министерството за транспорт и врски, а со цел подобрување на локалната патна инфраструктура. Во овој проект се вклучени и улиците "Пионерска" и "Браќа Џунови".

24. Капела на муслиманските гробишта

Во Општина Кавадарци се издгради нова капела на муслиманските гробишта за потребите на Исламската верска заедница и за нивните членови кои се жители на Општина Кавадарци. За таа намена од буџетот на општината се издвоија финансиски средства во висина од 2.500.000 денари.

25. Реконструкција на ул. "Браќа Џунови"



Успешно завршена реконструкција на ул."Браќа Џунови", како приоритетна инвестиција на Општина Кавадарци, која се реализира согласно Договорот за заем за финансирање на "Проектот за поврзување на локални патишта" помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој – Светка Банка, а Општина Кавадарци го доби како грант. Проектот опфаќа реконструкција на ул. "Браќа Џунови" во должина од 572 метри и ширина од 9 метри.

26. Реконструкција на пат Ладно Долче – Страгово – Крњево

Завршено асфалтирање на последната делница од локалниот пат Ладно Долче - Страгово-Крњево. Општината Кавадарци преку ангажираната оператива на фирмата „Градба промет" заврши со поставувањето на завршниот слој асфалт на последните метри

од реконструираниот патен правец.
Оваа делница е најкусата врска на Кавадарци со Бошавијата. Со нејзиното целосно асфалтирање се заокружи значаен проект на локалната власт во напорите на заживување на овој некогаш исклучително витален регион, богат со природни ресурси.
Во последната фаза беше опфатено проширување, тампонирање и асфалтирање на последните 1 600 метри од патот.



27. Реконструкција на ул. Ресавска

Реализиран проектот за реконструкција на улица Ресавска кој предвиди отстранување на стариот слој, подобрување на подлогата, нивелирање на шахти и на сливници и поставување целосно нов слој на асфалт. Со оваа улица е опфатена и улицата „Иван Мазев"наспроти новата градинка. Се изврши и одбележување на хоризонталната патна сигнализација, после оваа фаза се заокружи реализацијата на проектот за реконструкција на ул.Ресавска.



28. Проект за ново јавно улично осветлување

Со реализацијата на овој проект Општина Кавадарци доби ново, квалитетно и поекономично улично осветлување. Проектот е со финансиска вредност од 44.999.000 денари. Изградбата, реконструкцијата и модернизацијата на Јавното улично осветлување опфаќа интервенции на 17 локации во градот. Со овој проект општината Кавадарци е меѓу првите општини кои ги применуваат современите енергетски и информатички технологии и еколошките стандарди во управувањето со системот за јавно улично осветлување.

29. Реконструкција на локален пат Михајлово

Успешно се реализира проектот за реконструкција на локален пат од клучка Р 21971 до детското одмаралиште Михајлово во должина од 6230 метри. Средствата во висина од 30.343.479 денари се обезбедени преку



Проектот за Локална и Регионална Конкурентност финансиран од Европска Унија, додека пак остатокот од 8.330.253 денари се обезбедени од буџетот на Општина Кавадарци. Вкупната вредност на проектот изнесува 38.673.732 денари.

30. Пробивање на Западен Булевар

Реализиран проект за пробивање на Западен булевар во Општина Кавадарци. Комплетно се уредени коловозните ленти со хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на Западен булевар , на спојот со ул.Ресавска со регионалниот пат и ул.Јован Планински. Поставени се сообраќајни знаци и се обележани околу 400 метри квадратни.Овој проект е од големо значење за жителите на овој дел од градот и за Општина Кавадарци. Проектот е со финансиска вредност од 16.440.158 денари.



31. Изградба на мала хидро електрична централа

Овој проект предвидува изградба на мала хидроцентрала „Лукар 5“ со капацитет до 1MW во Ваташа. Хидроцентралата е изградена на постоечкиот доводен цевковод за водоснабдување на град Кавадарци. Вкупната вредност на проектот изнесува 22.000.000 денари.

32. Нов парк на локација кај споменик Киро Крстев

Во Општина Кавадарци започна изградба на нов зелен парк на локација кај споменикот “Киро Крстев” со површина од 3000 метри квадратни. Паркот ќе биде исполнет со различни садници како и содржини за рекреација и украсна фонтана. Финансиските средства во висина од 2.500.000 денари за реализација на овој проект се донација од бизнисменот Трајче Ристов – Зуко, додека пак остатокот од 1.100.000 денари се донација од компанијата “Кожувчанка”. Вкупната вредност на проектот изнесува 3.600.000 денари.

# РЕОН 1

## Дел од реализирани проекти




Од проекти кои беа реализирани во првите две години во овој реон би ги издвоиле следните:

- Асфалтирање на булевар Цветан Димов во должина од 500 метри во две коловозни ленти.

- Асфалтирање на булевар Моша Пијаде, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и нови ниски канделабри за дополнително осветлување на тротоарите.

- Поплочување на тротоар на булевар Моша Пијаде со површина од 700м2.
- Нов тротоар на ул. “Никола Минчев” со површина од 160м2.
- Нов Пазар партерно уредување 1600м2 бетон и 1000м2 павер елементи.
- Исчистени се диви депонии на неколку локации со вкупна површина од над 3 хектари.
- Северен булевар асфалтирање на коловоз во должина од 1200 метри и нови тротоари.
- Пробивање и асфалтирање на крак на ул. “Орце Николов” со должина од 180 метри.
- Поплочување на крак на ул.”Ѓорѓе Соколов” со површина од 750м2.
- Асфалтирање на Западен булевар и проширување на коловоз во должина од 1000 метри и нови тротоари 4000м2.
- Во овој реон поставена е водоводна мрежа во должина од 60 метри.
- Канализациона мрежа на ул. “Орце Николов” во должина од 180 метри.
- Проширување на тротоар на Булевар Македонија 60 метри должни и 300 метри квадратни павер елементи.
- Отстранети се над 150 бесправно поставени лимени гаражи на ул. “Орце Николов”, ул.

“Кочо Рацин” и ул. “Ѓорѓи Соколов”. Изградба на платото за поставување на лимени гаражи на Северен Булевар со површина од 9000 м2.

- Пробивање на пристапна улица според урбанистички план на крак на ул. “Орце Николов”.

- Хоризонтално обележување за паркирање на паркинзите кај зградите на ул.“Цветан Димов ”, ул.“Булевар Македонија”, ул.“Никола Минчев” и ул “Вељко Влаховиќ”.

- Хортикултурно уредување позади зградите Лепотици, уредување на патеките со павер елементи и поставување на урбана опрема.

- Отстранување на диво поставени лимени гаражи околу зградите на булевар Цветан Димов и припрема на теренот за патретно и хортикултурно уредување на просторот.

- Асфалтирање на паркинг на ул. “Кочо Рацин” со површинаод 570 метри квадратни, како и хортикултурно уредување на просторот и поставување на урбана опрема и спортски терен за кошарка во вредност од 522.074,00 денари.

- Продолжување на колекторот за отпадни води во должина од 330 метри со профил од Ф1000 во вредност од 3.500.000,00 денари.
- Ново детско игралиште на ул. “Ѓорѓи Соколов’ на површина од 150 м2 во склоп на тениското игралиште.

- Отстранување на диво поставени лимени гаражи околу зградите на булевар Вељко Влаховиќ и припрема на теренот за патретно сообраќајно и хортикултурно уредување на просторот.

- Поставување на жардинерии помеѓу двете коловозни ленти на Булевар Моша Пијаде во вредност од 850.000,00 денари.

---

Во периодот од 01.11.2019 до 01.10.2020 годиниа, во нашата општина во секој од реоните, дополнително беа реализирани уште многу прокети. Од овој изминат период до сега, би ги издвоиле следните:

- Реконструкција на тротоар на улица Орце Николов со површина од 1000 метри квадратни.

- Поплочување на пристапни патеки кон зградите на Булевар Кочо Рацин со површина од 350 метри квадратни како и комплетно ново улично осветлување на паркингот.

- Комплетно опремен нов паркинг на улица Вељко Влаховиќ со површина од 950 метри квадратни 60 нови паркинг места и ново осветлување со вредност од 1 000 000 денари донација од општесвено одговорни фирми Ја Ми, Кожувчанка, Градба Промет и Ас Машини.

- Реконструкција на водоводна линија во Индустриска зона – поранешно ДИК Страшо Пинџур во должина од 750 метри и вредност од 1 300 000 денари.

- Партерно, хортикултурно уредување, нов паркинг и ново детско игралиште на Булевар Македонија локалитет Белка зградите .

- Изградба на нова фонтана на кружниот тек како и хортикултурно уредување на истиот заедно со жардинериите на Булевар Никола Минчев.

- Комплетно ново улично осветлување на Булеварите Македонија, Никола Минчев, Кочо Рацин, Вељко Влаховиќ и Моша Пијаде.

- Поставувањена дел од урбаната опрема 100 клупи и 100 корпи за одпадоци на повеќе места низ целиот град со вредност од 914 000 денари.

- Поставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација, легнати полицајци и метални столбчиња со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот и на пешаците на повеќе локаци низ целата територија на Општина Кавадарци.

- Чистење на неколку диви депонии и оплеменување на просторот на повеќе локации низ целиот реон.

- Одржување на постоечките зелени површини подигање на нови насади нивно доуредување, кастрење на дрва и одржување на хигиена во целиот реон.




*Хортикултурно позади Лепотици*



*Поплочување на пристапни патеки*

Во четвртата мандатна година, односно 2020/2021, се реализирани следните проекти во реон 1:

- Асфалтирање на сервисна улица во индустриска зона – крак на Западен Булевар со површина од околу 800м2 и вредност од околу 1.200.000 денари
- Поплочување на:
- Дел од паркинг и пристапна улица крак на булевар Македонија со површина од 400м 2 и вредност од 400.000 денари.
- Пристапни патеки, тротоари и нов паркинг простор околу зградите на булевар Цветан Димов.
- Пристапни патеки околу зградите на булевар Кочо Рацин со комплетно ново улично осветлување и хортикултурно уредување на просторот.
- Тротоари на улица "Орце Николов"
- Ул. "Лазо Калешков"
- Ново детско игралиште во кругот на ООУ "Гоце Делчев" во вредност од 350.000 денари
- Нова фонтана – ЧАША на булевар Никола Минчев кружен тек, хортикултурно уредување на просторот околу истата како и поплочување на пристапни патеки кон пешачките премини.
- Реконструкција на фасади на улиците Илинденска и Цветан Димов со вредност од околу 4.500.000 денари
- Комплетно ново улично осветлување на ул."Максим Горки" и "Парк Полана"
- Поставување дел од урбаната опрема – 100 клупи и 100 корпи за отпадоци на повеќе места низ целиот реон.
- Чистење на неколку диви депонии и оплеменување на просторот на повеќе локации низ целиот реон.
- Одржување на постоечки зелени површини, подигање на нови насади, нивно доуредување, кастрење на дрвја и одржување на хигиена во целиот реон.



***Поплочување на тротоар на ул. Моша Пијаде***



***Асфалтирање на ул. Моша Пијаде***



*Пробивање и асфалтирање на крак на ул. Орце Николов*




*Асфалтирање на бул. Цветан Димов*



*Поставување на ново улично осветлување*



*Изградба на нова фонтана на кружен тек на ул. Никола Минчев*



*Асфалтирање Цветан Димов*



*АсфалтирањеСеверен булевар*



*Нова фонтана на ул. Никола Минчев*




# Дел од реализирани проекти

Од проекти кои беа реализирани во првите две години во вториот реон би ги издвоиле следните: извршено беше асфалтирање на ул. Цар Самоил површина од 600м квадратни и ул. 4 ти Јули на површина од 856м квадратни. Се реконструираа и асфалтираа и:

- Ул.”2ра Бригада” заедно со поплочување на тротоари.
- Крак на ул. “Солунска Глава” спој со ул. “Гоце Делчев”
- Ул. “Гоце Делчев” – крак
- Улица во населба Бел Камен
- Асфалтирање на ул. “Мито Хаџи-Василев Јасмин” и прередување на тротоарот.

Поплочени беа тротоарите на Западен Булевар со површина од 856м квадратни. Извршено беше поплочување на пешачка патека на Бул. Моша Пијаде со површина од 400м квадратни и поплочување на пешачка патека на ул. Илинденска со површина од 100м квадратни.

Поплочување и реконструкција на останати улици и тротоари:

- Тротоар на Западен булевар од нов кружен тек до капела
- Улица во населба Јасмин
- Реконструкција на споредната улица на ул. Илинденска
- Поставени се над 250 метални столбови на ул. Гоце Делчев, ул. Љубашка и ул. Пано Мударов и реконструирани се сите сообраќајни знаци.

Се подигнаа и многу нови зелени површини на повеќе од улиците во нашиот град:

- Подигање на нови зелени површини на ул. "Игман", ул. "Ѓуро Салај", Бел Камен и ул. "Солунска Глава".

- Подигање на жардињери на Западен Булевар

- Посадување на нови зелени површини околу спортската сала Јасмин

Извршено е и поставување на канделабри на Западниот Булевар.
Во делот на комуналните работи, проекти кои се реализирани се:

- Реконструкција на фекална канализација на Западен Булевар ф315 Л = 84

- Реконструкција на фекална канализација на ул. Вишешница ф315л = 50м

- Поставување на нови сливници на Западен Булевар

- Изработка на водоводна шахта на ул. Бел Камен

- Изработени се приклучоци за вода за зеленилото на ул. "Игман", ул. "Ѓуро Салај" , Западен Булевар и Бел Камен.

- Реконструкција на водоводна линија на ул. "Бел Камен' 110 Л240м2

- Изведени се 6 приклучоци за зеленило на ул. Игман 3/4л = 100м

Нова атмосферска и фекална канализација:

- Западен Булевар со должина од 1400 метри

- Ул. "4 ти Јули' со должиа од 80 метри

- Водовод на ул. "Егејска" со должина од 50 метри.

Во периодот од 01.11.2019 до 01.10.2020 годиниа, во нашата општина во секој од реоните, дополнително беа реализирани уште многу прокети. Од овој изминат период до сега, би ги издвоиле следните:

- Асфалтирање на ул. Егејска (употребен асфалт 1200м квадратни) и реконструкција на тротоарот од двете страни.

- Асфалтирање на ул. “Народна Младина” 850м квадратни.

- Се уште е во тек изградба на ул. “Индустриска” (кај комбинатот), а ќе бидат употребени 5000м квадратни асфалт.

- Поплочување на паркингот кај Гимназијата “Добри Даскалов” со употребени 650м квадратни асфалт.

- Поплочувње на ул. “Гоце Делчев” – 450м квадратни асфалт.

- Бетонирање на уличка на Пожарната станица – 150м2 асфалт.

- Во тек е поплочување на ул. “Игман”.

- Поплочена патеката на ул. “Бел Камен” – употребени 300м2 коцки.

---

Во четвртата мандатна година, односно 2020/2021, се реализирани следните проекти во реон 2:

- Поплочување и реконструкција на тротоари на улиците:
- Ул.”Илинденска” 119 – згради
- Ул.”8-ми Септември” – околу згради
- Ул.”Западен Булевар” – тротоар

Сите овие тротоари се завршени со вкупна површина од 900м2.

- Асфалтирање и реконструкција на улици:
- Ул.”Западен Булевар” – крак
- Паркинг на ул.”Ѓуро Салај” – со тротоар
- Населба Бел Камен
- Населба Јасмин

- Потпорен ѕид на ул. “Пелистерска” – 11м2



*Асфалтирање на*
*ул. Народна Младина*



*Бетонирање на уличка на*
*Пожарната станица*



*Тротоар на Западен Булевар*



*Западен булевар*



*Асфалтирање на ул. Егејска*




*Асфалтирање на ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин*




*Реконструкција на ул. Пано Мударов и поставување на нови метални столбови*



*Асфалтирање на ул. 4 Јули*



*Поплочување на тротоари на Западен булевар*

# Дел од реализирани проекти




Во првите две години беа реализирани голем број проекти и во третиот реон:

- Партерно уредување на тротоари , патеки и пристапи кон влезови на: Булеварите “Кочо Рацин”, “Македонија” и “Никола Минчев”.
- Асфалтирање на две коловозни ленти на: Булевар “Никола Манчев” во должина од 400 метри, ул.”Цано Поп Ристов” со должина од 350 метри и ул. “7ми Септември” со нов кружен тек.
- Поплочување на тротоари на: “Партизанска”, “Лазо Мицев”, “Блажо Алексов”, “Божо Димов” “Лазо Калешков” и “Охридска”.
- Друг значаен проект е комплетното уредување на Парк Полана со детски реквизити и реквизити за спортска рекреација.
- Се поставија околу 170 метални столбови на улиците “Цано Поп Ристов”, “Партизанска” и “Лазо Мицев Рале”.
- Со цел за подобрување на паркингот во градот се изврши проширување и поплочување на тротоарите на улиците “11 Октомври”, “Лазо Мицев” и “Партизанска”.
- Се асфалтира паркинг позади зградите на ул. “Кочо Рацин” и Булевар Македонија со површина од 450 метри квадаратни.

Во изминатата (трета) година реализирани се следните проекти:
- Пренамена на стариот Ан во паркинг простор со површина од 1100 метри квдратни.
- Нов влез во административната зграда на Домот на Културата и уредување на пристапите кон градскиот пазар.
- Реконструкција и обнова на фасади на ул. “Илинденска” и ул.”Цано Поп Ристов” со вредност од 4 000 000 денари.
- Партерно, хортикултурно уредување, нов паркинг на ул. “Блажо Алексов” локалитет Белка зградите.

- Реконструкција и поплочување на тротоар на ул. “Цано Поп Ристов” – стара автобуска со површина од 50 метри квадратни.
- Поставување на нови подземни контејнери на неколку локаци по
- ул. “Илинденска” со вредност од 3 000 000 денари .
- Проширување на паркинг на ул. “Илинденска” позади кафе бар Рома со површина од 100 метри квадратни.
- Комплетно ново улично осветлување на улиците “Блажо Алексов”, “Илинденска”, “Цано Поп Ристов” и други помали улици низ целиот реон.
- Поставувањена дел од урбаната опрема 100 клупи и 100 корпи за одпадоци на повеќе места низ целиот град со вредност од 914 000 денари.
- Поставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација, легнати полицајци и метални столбчиња со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот и на пешаците на повеќе локаци низ целата територија на Општина Кавадарци.
- Чистење на неколку диви депонии и оплеменување на просторот на повеќе локации низ целиот реон.
- Одржување на постоечките зелени површини подигање на нови насади нивно доуредување, кастрење на дрва и одржување на хигиена во целиот реон.

Во четвртата година односно во период од 2020-2021 беа реализирани следните проекти:
- Започната изградба на нов современ покриен зелен пазар со три нивоа, од кои две ќе бидат подземни за паркирање и едно ниво за продажба на свежи зелени производи. Трите нивоа ќе бидат поврзани со вертикални комуникации: скали, товарен лифт за достава на роба и помал лифт за луѓе.
Вредноста на овој проект изнесува 102.616.159 денари.

Асфалтирање на улиците:
- ул. “Илинденска” во должина од 612 метри
- ул. “Блажо Алексов” со површина од 3900 метри квадратни

Поплочување и партерно уредување на улиците:
- ул. “Блажо Алексов”
- ул. “Цано Поп Ристов”
- ул. “Лазо Мицев”
- ул. “Лазо Калешков”

Со вкупна вредност од 3.630.000 денари.

Реконструкција на речно корито на потегот од пешачкиот мост на ул. “Блажо Алексов” до мостот на булевар “Видое Смилевски” во должина од 240 метри и вкупна вредност од 3.800.000 денари.

Реконструкција на дел од колекторот на ул. “Блажо Алексов” со попречен пресек од Ф 600 во должина од 110 метри.

Реконструкција на фасади на улиците:
- ул. “7-ми Септември”

- ул. "Блажо Алексов"
- ул. "Цано Поп Ристов"

Со вкупна вредност од 2.500.000 денари.

Комплетно ново улично осветлување:

- ул. "Блажо Алексов"
- ул. "Илинденска"
- ул. "Цано Поп Ристов"

- Поставување на 100 клупи и 100 корпи за отпадоци на повеќе места низ целиот реон
- Поставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација низ целата територија на Општина Кавадарци.
- Чистење на неколку диви депонии
- Одржување на постоечките зелени површини, подигање на нови насадади и одржување на хигиена во целиот реон



*Поплочување на тротоар на ул. Цано Поп Ристов*



*Нов паркинг простор кај стариот АН*



*Нов влез во административната зграда на Домот на Култура*



*Изградба на нов Зелен пазар на две нивоа*



*Подземни контејнери на неколку локации на ул. Илинденска*



*Реконструкција и обнова на фасади на ул Илинденска*



*Поставена нова урбана опрема*



*Асфалтирање на ул. Цано Поп Ристов*

# РЕОН 4

## Дел од реализирани проекти




Во реон број 4 во првите две години се асфалтираа следните улици:

- “Владимир Назор”,
- “Рајко Жинзифов”,
- “Дисанска”,
- “Домовица”
- “Шишка”
- Крак од улица “Смилица”, “Бигла”, “25ти Мај”,
- Споредна на улица “Доне Попов”,
- Крак на улица “Дисанска” и улица “Глигор Прличев”.
- Исто така беше реализирана нова Пешачка патека на улица “Смилица” и
- Нов тротоар на улица “Наќо Лазовски”.
- Се поплочија и тротоарите на улиците “Димката Ангелов Габерот” и “Рајко Жинзифов” со вкупна површина од 850 метри квадратни.
- За поголема безбедност на пешаците во овој реон се постави пешачки мост на улица “Шишка” во вредност од 700 000,00 ден.
- Беа и реализирани проекти за партерно уредување и озеленување на улиците “Вардарска”, “Доне Попов”, “Владимир Назор” и “Смилица”.

Во делот на комунални дејности беа реализирани следните проекти:

-Реконструкција на водоводна и канализациона линија на улица “25ти Мај”.

-Реконструкција на фекална канализација во средното училиште “Ќиро Спанџов Брко” и улица “Рајко Жинзифов”.

Во изминатата (трета) година реализирани се следните проекти:

- потпорен ѕид на улица “Личка” во должина од 50 метри во вредност од 250 000, 00 ден (изведувач Градба Промет).

- фекална канализација на улица “Дисанска” на делот накај Костурницата во должина од 300 метри со ф300 во вредност од 463 500,00 ден (изведувач Премиум Билдинг).

- Тековно одржување и крпење на ударни дукпи.

- поставување на нова водоводна, фекална и атмосферска канализација и проширување на истата на три ленти со тротоар и велосипедска патека на улица "Шишка" во вредност од 26 084 471,00 ден.

- Прередување на улица "Сремски фронт".

- Уредување на тротоар со бекатон коцки на улица "Ѓуро Ѓаковиќ".

- Тротоар на улица "Вуко Каров" и улица "Владимир Назор".

- (вредност на овие четири проекти е 2 366 000,00 ден.)

Во четвртата година односно во период од 2020-2021 беа реализирани следните проекти:

Реконструкција на улиците:
- ул. "Ѓуро Ѓаковиќ"
- ул. "Глигор Прличев"
- крак на ул. "Дисанска"

- Реконструкција на речното корито на бул. "Видое Смилевски"
- Реконструкција на Градски парк
- Реконструкција на винската куќа и пренамена во вински музеј во склоп на Градски парк
- Асфалтирање на ул. "25-ти Мај" спој со ул. "Ѓуро Ѓаковиќ"
- Изградба на нова атмосферска и фекална канализација на ДУП "Дисанска"
- Прочистување на:
- Локален пат до с.Рожден во должина од 2 километри
- Одводен канал во с.Рожден
- Крпење на ударни дупки на територијата на општина Кавадарци

Во периодот што следи треба да се отпочне со реализација на следните проекти:

Реконструкција на следните улици:
-ул. "Домовица"
-ул. "Ѓуро Ѓаковиќ"
-ул. "Глигор Прличев"

Поплочување:
- десен крак од ул. "Дисанска" со вкупна вредност од 630.000 денари
- тротоар на ул. "Смилица" со вкупна вредност од 700.000 денари

Изградба на затворен базен на поранешниот објект "Ла Луна"



*Ревитализација на Градски Парк*



*Мост за пешаци на ул.Шишка*



*Асфалтирање на ул. Владимир Назор*



*Асфалтирање на ул. Дисанска*



*Поплочување на тротоар на ул. Рајко Жинзифов*



*Асфалтирање на ул. Шишка*



*Партерно уредување на ул. Доне Попов*

# Дел од реализирани проекти




Во прилог би ги издвоиле проектите кои се реализираа во првата и втората година во делот на петтиот реон:

- Реконструкција на дел од тротоарот во центарот на градот кај јаворот

- Поплочување на тротоарот и проширување на паркинг место на ул. "Бел Камен" на површина од 190м2.

- Поплочување на ул. "Никола Карев".

- Реконструкција на ул. "Диме Поп-Атанасов" спој со ул. "Пионерска" и прередување на павер елементи на површина од 530м2.

- Асфалтирање на улиците "Скопска" (1200м), "Никола Карев' (550м) и " Дешка Тошева".

- Пробивање на ул. "Кукушка" и спојување со ул."Мито Хаџи – Василев Јасмин'.

- Проширување на просторот на ул. "Фердо Росомански" – поплочување и обезбедување на нови паркинг места.

Во делот на комуналните работи се реализира следното:

- Реконструкција на фекална и атмосферска канализација f315 во должина од 195 метри на ул."Скопска".

- Атмосферска канализациона мрежа на ул. "Пионерска' од спојот со ул. "Ресавска" до ООУ "Тоде Хаџи - Тефов" со должина од 265м2.

- Реконструкција на водоводна линија f110 во должина од 240м на ул. "Бел Камен". Изработка на решетка на ул. "Бел Камен".

- Чистење на диви депонии на ул. Ресавска и Западен Булевар со површина од 5000 м2.

- Реконструкција на атмосферска канализација на ул. "Тиквешко востание".

Во периодот од 01.11.2019 до 01.10.2020 годиниа, во нашата општина во секој од реоните, дополнително беа реализирани уште многу прокети. Од овој изминат период до сега, би ги издвоиле следните:

- Асфалтиран дел од ул. '' Бел Камен" над комплексот на станбените згради.

- Асфалтирана е делницата од паркингот кај капелата во правец на ВВ Тиквеш каде на површина од 1350м2 е поставен нов слој асфалт со дебелина од 7cm.

- На ул. "Ресавска' се работи на нова мрежа на атмосферска канализација од 130м. На оваа делница ќе се постават полиетиленски коругирани цевки со профил 400мм.

- Асфалтирање на крак на ул. "Бел Камен" на делницата од капелата до северниот влез во градските гробишта.

- Реконструкција на фекалната канализација f315 на ул. "Пионерска" во должина од 180 м2.

- ЈП Комуналец и Општина Кавадарци реализираа проект за поплочување на дополнителни 150м2 пристапна патека во кругот на градските гробишта.

- Општина Кавадарци и ЈП Комуналец оствариja и целосна реконструкција на подземна инфраструктура, водовод и канализација на ул. "Даме Груев".



***Асфалтирање на ул. Бел Камен***

Во последната, четвртата година од мандатот на Градоначалникот, во овој реон се реализираа следниве активности:

Поплочување  на ул. "Битолска" – вадење на гранитни коцки и поплочување со бекатон коцки

Поплочување на дел од ул."Добри Даскалов"

Асфалтирање на улиците;

- Ул."Ресавска"
- Ул."Иван Мазев"

Реконструкција на ул."Пионерска" како приоритетна инвестиција на Општина Кавадарци која ќе се реализира во периодот кој следи.

Изградена нова Детска Градинка која е на локација помеѓу ул."Ресавска" и ул."Иван Мазев".



***ул. Ресавска***



***нова Детска Градинка***



*Пристапни патеки Градски гробишта*



*Пристапни патеки Градски гробишта*



*Реконструкција на водовод и канализација на ул. Даме Груев*



*Реконструкција ул. Диме Поп Атанасов спој со ул. Пионерска*

# РЕОН 6

## Дел од реализирани проекти




Дел од реализираните проекти во периодот од 2017/19 во овој реон:

- Асфалтирање на дел од ул. “Браќа Џунови” со површина од 700м2.
- Асфалтирање на ул. “ 7ми Септември’ со површина од 5750м2.
- Асфалтирање на ул. “Тиквешко Востание” со површина од 6320м2.
- Асфалтирање на ул. “Браќа Хаџи - Тефови” со површина од 1300м2.
- Асфалтирање на улиците “Рајна Соколова” со површина од 1049м2 и ул. “Тошо Велков Пепето”.
- Реконструкција на ул. “Ќиро Каракулев” со површина од 470м2.
- Крак на ул. “Иво Лола Рибар’.
- Реконструкција на споредна улица на ул. “Ило Костов”.
- Реконстукција на ул. “Браќа Хаџи Тефови”.
- Реконстукција на ул. “Мара Димова‘’.
- Монтиран првиот подземен контејнер во Општина Кавадарци.
- Реконструкција на мостот Слога.
- Реконструкција на Паркот на револуцијата.
- Поставени околу 100 метални столбови.
- Исчистени се диви депонии на површина од 390м2.
- Се изврши и реконструкција на Градскиот плоштад.

- Обновени фонтаните пред зградата на Локалната самоуправа.

- Уреден запуштениот простор кај Туристичкото биро.

- Реконструкција н проширување на паркингот на ул. "Благој Крстиќ' под хотеЛ Балкан со површина од 1850м2.

- Рушење на склонопадни куќи на ул. "Страшо Пинџур".

- Комплетна реконструкција на семафорите на три раскрсници во градот.

Во делот на комуналните работи се реализира следното:

- Реконструкција на водоводна линија на ул. "Лазо Стојанов' со должина од 26м.

- Реконструкција на фекална канализација на ул. "Тошо Велков Пепето' со должина од 80м.

- Реконструкција на атмосферска канализација на ул. "Тошо Велков Пепето" со должина од 80м.

Во периодот од 01.11.2019 до 01.10.2020 годиниа, во нашата општина во секој од реоните, дополнително беа реализирани уште многу проекти. Од овој изминат период до сега, би ги издвоиле следните:

- Завршено е асфалтирање на ул. "Лазо Стојанов' со површина од 840м2 во вкупен износ од 994 976,00 денари од страна наГрадба Промет.

- Бетонирање на пристапна патека на зграда на ул. "Ќиро Спанџов Брко" спој со ул. "Браќа Хаџи Тефови" .

- Сеуште не е отпочнато, но е предвидено проширување и поплочување на ул. "Ќиро Спанџов Брко' и поплочување на ул. "Благој Крстиќ". За оваа цел предвидени се финансиски средства во износ од 1 174 000,00 ден.

- Реконструкција на Паркот на револуцијата – хортикултурно уредување.

- Завршена е реконструкцијата на фонтаната во паркот на револуцијата и поставени се паметни клупи на Градскиот Плоштад во вкупен износ од 2 858 000,00 денари.

- Изграден е забавен парк на ул. "Ќиро Спанџов Брко".

- Остварено е хортикултурно уредување на ул. "Слога".

Во 2021 година се извршени следните капитални инвестиции:
градежно занаетчиски работи  во висина од 1.000.000,оо денари , во која спаѓаат проширување и уредување на училница, адаптација и уредување на простор за технички персонал, реконструкција на тоалет во спортската сала,  реконструкција на спомен бистата на патронот  и партерно уредување на училишниот двор како и промена на под во една  училница. Исто така се изврши набавка на  три интерактивни табли во висина од 120.000,оо денари, се изгради летниковец во вредност од 80.000,оо денари како и реконструкција и адаптација на просторија за исхрана на учениците од продолжен престој во висина од 140.000,оо денари.

2. **ООУ "Димката Ангелов Габерот" с. Ваташа**

Во основното училиште во с. Ваташа се подобрија условите за учениците со тоа што во првата година се обновија тоалети, се променија старите врати на училниците, опремување на библиотеката и  се направи реконструкција на постоечката заштитна ограда на спортските терени.
Од големо значење за учениците исто така се и проектите кои што се реализираа во втората година со тоа што се направи преадаптација на простор за кабинет по информатика кој што се опреми со нови лаптопи. Со еден од проектите се набавија нови клупи, столчиња и шкафчиња за учениците и с

е промени старото осветлување со ново ЛЕД осветлување.
Во периодот од 2019/20 година, реализирани се капитални инвестиции во износ од 15 378 527,00 денари. Во овој период се набавени 15 лаптопи за ученици и вработени во висина од 179 052,00 денари, се изврши целосна обнова на ѕидовите и таваните на три училници во вредност од 413.475,00 денари
Во периодот 2020/2021 година беа реализирани следните капитални инвестиции:
- Набавка на 18 нови клими за училниците,
- Реконструкција –замена на стари алуминиумски прозорци со нови ПВЦ (369.984,00 денари)
- Реконструкција на тоалети (232.873,00 денари)
- Замена на стара железна ограда на внатрешни скали со алуминиумска (38.941,00 денари)
- Во тек е доградба на нова спортска сала со површина од 400 м2 во висина од 16.477.418,00 денари.

3. **ООУ "Тошо Велков Пепето"**

Од остварените проекти за училиштето во првата година, издвојуваме реализација на активности во вредност од 935.459 денари за реконструкција на тоалети и поплочување на училишниот двор. Се реконструира и подот во спортската сала во училиштето, а постоечкото осветлување во Централното училиште и подрачното училиште во с.Глишиќ се замени со ЛЕД светилки.
Во втората и третата година во училиштето се завршени следните проекти во вкупен износ од 922 891,00 денари:
- Извршена е реконструкција на ВЦ-јазли во спортската сала во вкупен износ од 557.597,00 денари. (претходно беше извршена и целосна реконструкција на подот во спортската сала во износ од 1.000.000,00 денари.)
- Поставен е ламинат и ПВЦ врати во висина од 26.992,00 денари
- Поставени се железни решетки за заштита од одводот од атмосверска вода во училишниот двор во износ од 58.410,00 денари
- Набавени се 22 плакари за секоја училница за потребите на учениците и наставниците во износ од 70.792,00 денари.
- Табациран е училишниот мебел односно сите сточиња наменети за вработените во износ од 49.700,00 денари.
- Набавени се 4 интерактивни табли и 4 прожектори во износ од 100.000,00 денари
- Извршено е опшивање на прозорците односно крпење заради промена на истите со ПВЦ во висина од 59.400,00 денари.
Во периодот 2020/2021 година во ООУ„Тошо Велков - Пепето", Кавадарци комплетно се реновирани 14 училници (замена на под, замена на санитарни јазли, фарбање и варосување). За оваа реконструкција се издвоени средства во висина од 1 500 000 денари. Исто така во тек е реализација на проектот за препокривање на кров во ООУ "Тошо Велков Пепето" – Кавадарци со што ќе се опфати симнување на постоечката кровна покривка како и поставување на нов пластифициран ребраст кровен лим.

Инвестицијата е во вредност од 8.689.845денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.

4. **ООУ ”Страшо Пинџур” Кавадарци**

Меѓу позначајните проекти  што се реализираа во првата година е изработката на настрешница пред централното училиште и реконструкција на тоалетите. Како и во останатите училишта и во “Страшо Пинџур” се направи измена на плафонски неонски светилки со панел лед светилки.
Проектот што се реализираше во втората година за опремување на училници со инвертар и нагледни средства и сала за корективна гимнастика во училиштето придонесија кон поквалитетно изведување на наставата.
Исто така се реализираа проекти и во ПОУ с. Дреново каде што првата година се поставија радијатори а во втората се реновираа  вц јазли во интернатот.
Во доставениот извештај по однос на извршените проекти од 01.11.2019 до 01.10.2020 година во вкупен износ од 8 682 970,00 денари, завршени се следниве активности: промена на Лед светилки во вредност од 932 960,00 денари, реконструкција на WC јазли во интернат во висина од 326 905,00 денари, набавка на клупи и друга опрема за новите училници во вредност од   460 000,00 денари, реконструкција на објекти и парно греење во просториите на с.Дреново и с.Марена за чија реализација беа издвоени финансиски средства во вредност од 3.100.000,00 денари како и изградба на училници во висина од 3 863 105,00 денари.  Исто така се реализираше проект за набавка на асистивна технологија.
Во периодот 2020/2021 година се направени следните капитални инвестиции:
- Целосно е извршена реконструкција во ПОУ с.Дреново во износ од 1.799.860,00 денари и тоа: внатрешна реконструкција, реконструкција на кров, поставен нов под во 4 училници како и замена со лед светилки.
- Целосно е заменет системот за греење (парно) во ПОУ во с.Дреново и ПП с.Марена со вкупен износ од 1.299.140,00 ден
- Набавка на нова ограда на училишниот двор во централното
- училиште во износ од 549.738,00 ден
- Делумно нова ограда на училишниот двор во ПП с.Марена во
- износ од 152.515,00 ден
- Набавка на на училишен мебел во износ од 466 009,00 ден
- Реконструкција на фасада во ПОУ с.Дреново и дел од фасада во
- ПП с.Марена во износ од 965 187,00 ден
- Купување на опрема и наставни помагала во износ од 505 321,00 денари
- Во тек е реализација на проект Проект за реконструкција на фасада и столарија, кров и подови и други градежно-занаетчиски работи во подрачно училиште“Страшо Пинџур“ с. Возарци. Инвестицијата е во целост финансирано од Министерството за образование и наука и е во висина од 8.584.058 денари.
- Исто така е во тек реализација на Проект за реконструкција и санација на ООУ “Страшо Пинџур“ Кавадарци со следните активности: замена на подови во училиштето, реконструкција и санација на сите тоалети како и адаптација на тоалети за лица со хендикеп, комплетна промена на врати како и реконструкција на фасадата. Инвестицијата е во вредност од 8.331.067 денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.

5. **ООУ "Димката Ангелов Габерот" Кавадарци**

Меѓу позначајната инвестиција во ова училиште во првата година е замена на ново осветлување со цел заштеда на електрична енергија. Извршена е и набавка на канцелариски мебел, училишни табли и проектори во вредност од 1.352.279,00 денари. Во втората година обемот на реализирани проекти драстично порасна. Извршена беше целосна реконструкција на кровот во Централното училиште и реконструкција на санитарните јазли во истото. Кабинетите по информатика, музичко и техничко добија нов лик. Се реновираа сите училници и простории во училиштето. Поради рушење од невреме, неопходно беше да се изврши реновирање на канцеларијата на училишниот педагог. Во подрачното училиште во с.Сопот исто така беше реализирано замена на кровот и реконструкција на таванот во холот. Направено е чистење и коморно фарбање на сите радијатори во училиштето.
Проектите кои беа реализирани во третата година во училиштето, беа со вкупен износ од 5 487 610,00 денари. Меѓу позначајните ги издвојуваме:

- Набавка на дигитално пијано со озвучување и микрофони во вредност од 74.400,00 денари.
- Опрема за забавиште и првачиња. Набавка на опрема за просториите: плакари, масички и столчиња во висина од 404 504,00 денари
- Завеси и корнизи за сите училници во училиштето во вредност од 218 772,00 денари.
- Набавка на канцелариска маса во вредност од 30 916,00 денари.
- Образовни помагала кои се неопходни за непречено извршување на работата од страна н наставниците за кои беа издвоени финансиски средства од 52.544,00 денари.
- Реализирана обука за наставници и снабдување на библиотеката со книги во вредност од 30.000,00 денари.
- Реконструкција на WC јазли и кров на училиштето во вредност од 1 613.929,00 денари.
- Фарбање и стругање на радијатори – 194 000 денари
- Направена е и поправка на парно во вредност од 39.040,00 денари.

Во периодот 2020/2021 реализирани се следните инвестиции:
-Извршена е целосна реконструкција на водоводната и канализационата мрежа во централното училиште и во подрачното училиште во с. Сопот како и реконструкција на тоалетите во подрачното училиште во с. Сопот. Вкупната вредност на целата инвестиција е 1.050.000,00 денари.
Во тек е реализација на Проект за реконструкција и санација на ЦОУ "Д.А. Габерот" Кавадарци. Со овој проект ќе се реализираат следните активности: реконструкција и санација на ѕидови и плафони, замена на внатрешна столарија, промена на електричната инсталација како и замена на на радијаторите на постоечкиот систем за греење со фенкоилери што ќе доведе до заштеда на енергија. Проектот е во вредност од 8.151.642 денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.

Исто така во тек е реализација на Проект за реконструкција и санација на "Д.А. Габерот" с. Сопот. Со цел да се зголеми безбедноста на учениците во училиштето во с. Сопот ќе се изврши реконструкција на целосната електрична инсталација, како и активности за подобрување на основата на улишитето која е во лоша и незадоволителна состојба. Инвестицијата е во целост финансирано од Министерството за образование и наука и е во висина од 5.757.342 денари.

6. **ООУ "Тоде Хаџи – Тефов"**

Издвоените 3.065.680,00 денари во 2017/2018 год. беа искористени за оградување на спортската сала, замена на постоечките со ПВЦ врати, реконструкција на фасадата на западната страна од училиштето, набавка на електронски помагала за спортската сала и набавка на училишен инвентар. Асфалтирање на игралиштето и реконструкција на спортските терени се исто така дел од проектите во вредност од 1.967.898,00 денари.
Во третата година се реализирани следните проекти: извршена е дислокација на постоечкиот кабинет по информатика во друга училница, а во него се направени три канцеларии (за психолог, дефектолог и сметководител) со целосна реконструкција од уривање на стари ѕидови , преградување со гипс картон, поставување на ламинат, молерисување, фарбање и се што е потребно за негова пренамена во три помали канцеларии во износ од 59 000,00 ден. Исто така се изврши набавка за изградба на парно греење во ПУ с. Бегниште на дрва и пелети во износ од 471 701,00 ден.
Во периодот 2020/2021 година реализирани се следните инвестиции:
- Набавени се 7 лап топ компјутери за потребите на наставниците во износ од 149.940,00 ден.
-Поставени се нови зебра завеси во износ во училниците и канцелариите на наставниците, администрацијата и стручната служба во износ од 398.550,00ден.
-Се опреми училницата за целодневниот престој со нов модерен мебел, се набавија шкафови и бироа во училниците, полици и шкафови во спортската сала во износ од 245.656,00 ден.
-Во август 2021 год. се набавија 80 таблети за потребите на учениците во износ од 590.000,00 ден.
-Во тек е реализација набавка на наставно образовни помагала (прожектори, смарт табли..) за потребите на училиштето за прво и четврто одделение во износ од 524.666,00 ден.
-Во тек е реализација на договорот по спроведен тендер за реконструкција на машки женски вц јазли за учениците во износ од 823.102,00 ден.
- Во тек е реализација на договорот по спроведен тендер за изградба на нов кабинет по природните науки во износ од 330.241,00 ден.

7. **ООМБУ Лазо Мицев Рале**

Во основното музичко и балетско училиште во Кавадарци со планираните средства од 2. 717 062,00 денари се доврши концертната сала и истата се опреми со опрема неопходна за нејзино функционирање. Со тоа градот се збогати со целосно нова концертна сала. Во втората година се изведи реконструкција на кровот и со тоа училиштето ги реализираше проектите кои што беа предвидени за 2018/2019 година.
Во третата година е извршена реконструкција, прелаз за во нов дел и поставување на нови ПВЦ врати на прелазот во вредност од
253 026,00 денари.
Во периодот 2020/2021 година исто така е набавена нова опрема:




- прожектор (25 000, 00 ден)
- принтер колор (16 490, 00 ден)
- лап топ (19 000, 00 ден)
- пијано (50 000, 00 ден)
- огледала за балетска сала (30 300, 00 ден)
- сталажа за пехари (12 980, 00 ден)
- ормани за нова зграда (34 680, 00 ден)
- моторна пила, тример, пила телескоп и бор машина (29 680, 00 ден)
- паметни канти (24 000, 00 ден)
- набавка на музички инструменти (труби, кларинети, тромбон, флејта) во износ од 202.200,00 денари

8. **СОЗШУ Ѓорче Петров**

За подобрување на условите на средото училиште беа реализирани проекти за реконструкција на прозори, тоалети и внатрешни простории. Исто така се постави метална заштитна ограда и се направи санација на училишниот двор. За учениците да ги имаат потребните услови се набави опрема за лабораториска и практична настава.
Во втората година хортикуларно се уреди предниот дел од училишниот двор и исто така се направи реконструкција на помошен објект кои што е намент за лицата што вршат физичко обезбедување на училиштето.

За инфраструктурни инвестиции, инвестиции во опрема и донации за периодот од 01.11.2019 до 01.10.2020 година беа издвоени средства во вкупен износ од 3 246 500,00 денари. Извршени беа следните позначајни проеки:

- Реконструкција на кров и фасада.
- Набавка на систем за видео надзор и осветлување со вкупен износ на издвоени

парични средства од 105.000,00 денари

- Набавка на опрема – 3 телевизори во вредност од 61.500,00 денари.
- Набавка на опрема (мотокултиватор) во износ од 27.000,00 денари.
- Хотикултурно уредување на двор – павер елементи, во износ од 185,000,00 денари.
- Озеленување на двор и поставување на систем за наводнување за чија реализација беа издвоени 80,000,00 денари.
- Реконструкција на тоалет за наставници во висина од 287,000,00 денари.
- Реконструкција на тоалети за учениците – 356,000,00 денари
- Реконструкција на чувара – 54,000,00 денари
- Реконструкција на училница во лабораторија – 455,000,00 денари.
- Поставување на ЛЕД осветлување – финансиски средства од Норвешка амбасада и Општина Кавадарци.
- Реконструкција на подови во ходници и скалила за чија реализација извор на финансирање беше УСАИД. Издвоение беа парични средства во износ од 1,400,000,00 денари.
- Владата на РСМ обезбеди средства во текот на реализирањето на проектот озеленување на училишниот двор во висина од 236,000,00 денари.
- Во делот на предвидени а не реализирани проекти ги приложуваме: реконструкција на оградата (750,000,00 ден.) и поставување асвалтна патека (60,000,00ден.)

Во периодот 2020/2021 година направени следните инвестции:

- Изработка на потпорен ѕид со жардинери и поставување на метална заштитна ограда во износ од 990.055, 00 денари.
- Поплочување на патека со скали со павер елементи во висина од 220.117,00 денари
- Реконструкција на две училници со преградување во износ од 241.841,00 денари
- Комплетно реновирање на две училници во висина од 96.000,00 денари

9. **СОУ Киро Спанџов Брко**

Едносменското работење во училиштето беше воведено за да резултира со заштеда на електична енергија и средства за огревен материјал. Во првата година се изврши реализација за набавка на училишен инвентар, уредување на дворот и реконструкција на училници.
Втората година се надополни со оградување на дворот на училиштето, бетонирање на патеката и скалите во училиштето, санирање на 2 санитарни јазли и реконструкција на наставничка канцеларија. Се изврши и промена на ПВЦ прозори и врати. Во училишниот двор се постави систем за наводнување и озеленување на садници.
Вкупниот износ на парични средства кои беа издвоени за реализирање на проекти во периодот од 01.11.2019г до 01.10.2020г изнесува 983,000,00 денари. Извршени беа: реконструкција на наставничка канцеларија, опрема и климатизација во вредност од 150,000,00 денари, Реконструкција на 2 санитарни јазли во фисклултурната сала во висина од 90,000,00 денари, поставување на видео надзор во училиштето – 38,000,00 денари, ПВЦ столарија (прозорци и врати) – 108,000,00 денари, оградување на дворот (200м) – 317,000,00 денари, хортикултурно уредување на двор – 127,000,00 денари,

нагледни средства и опрема – 153,000,00 денари како и донација на лапотпот компјутери од Дрекслермаер и од Локалната самоуправа.

Во периодот 2020/2021 година се извршени следните инвестиции:
- Доградување на училиштето со метална ограда со должина од 200 м 3 фаза ;
- Поставување на 2 светлечки столбови на спортското игралиште;
- Поставување на подземна инсталација за наводнување во должина од 2000 м и озеленување на училишен двор од 5000 м2;
- Засадување на 50 зимзелени садници ;
- Реконструкција на ѕид во двор со буња плочки Поплочување на преден двор со бекатон плочки 600 м2 ;
- Изградба на тоалет за ученици со посебни потреби ;
- Монтиран е 10 КВ сончеви панели на кровот на училиштето за заштеда и продажба на Ел. енергија ; (донација од Ротари клубот )
- Комплетно репарирање глетовање ,фарбање и молерисување на холовите во целото училиште со површина од 3280 м2
- Преградување на просторија за состаноци и обуки со видео бим во холот на училишт
- Комплетна реконструкција на скалите со гранитни плочки со должина од 480 м;
- -Поставување на нова ограда на скалите во ходниците со должина од 100 м:
- За практична настава и вежби набавена е опрема (електронска) во вредност од 200 000 денари ;
- Опремени се два нови кабинети со информатичка опрема за 50 ученици;
- Набавени се нови 15 бели табли за настава;
- Во тек е аплицирање за гранд за средните стручни училишта од 150000 - 600 000 еура при КФВ - регионалниот челенџер фонд за набавка на опрема и машини за изведување на практичната настава и вежби ;
- Набавени се 50 камери ,микрофони со слушалки ;
- -Донација од општината -19 десктоп комјутери ;
- -Во тек е набавка на 3 интерактивни смарт табли и 20 таблети за наставата
- Во тек е имплементација на Проект за промена на осветлување со ЛЕД светилки во СОУ “Киро Спанџов Брко“ – Кавадарци. Проектот е во вредност од 1.939.188денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.
- Исто така е во тек реализација на проектни активности за реконструкција на подови, промена на дел од внатрешна столарија и реконструкција на кров во СОУ “Киро Спанџов Брко“ Кавадарци. Проектот е во вредност од 3.334.108 денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.

Онлајн настава: (2020 /2021 година)

-Училиштето обезбеди оптички пристап до интернет и ја зголеми брзината на интернетот на 80 МБ;

-Училиштето обезбеди 24 простории за предавање на наставниците со комјутер ,камери, слушалки и звучници;

-Една просторија со 10 комјутери ,камери и слушалки е опремена за учениците кои немаат услови за следење на настава од дома ;

10.**СОУ "Гимназија Добри Даскалов" – Кавадарци**

Во Гимназија Добри Даскалов се извршени проекти во вкупен износ од 5 435 478,00 денари од кои ги издвојуваме:

- Набавена интерактивна табла во вредност од 16.000,00 денари.
- Две табли за во училници во висина од 14,000,00 денари.
- Донација прожектор оптима – 18,000,00 денари.
- Набавени два лаптопи со вкупен износ од 32,960,00 денари.
- Набавка на прожектор – 20,580,00 денари.
- Набавка на миксета со озвучување – 27,550,00 денари.
- Топки за физичко неопходни за реализирање на наставата – 15,500,00 денари.
- Плакари за во кабинети – 34,810,00 денари.
- Реализирана обука за наставници – 30,000,00 денари
- Набавка на книги за доопремување на училишната библиотека во вредност од 19.878,00 денари.
- Набавена ПВЦ врата – 48,000,00 денари.
- Вадење на ел.кабли од компјутери и санација на ѕидовите – 35,000,00 денари.
- Сменет експанзионен сад на парното и поправка на истотот – 41,200,00 денари.

Во периодот 2020/2021 година се реализирани следните инвестиции:

- Набавка на паметни канти во висина од 24,000,00 денари
- Реконструкција на училишната библиотека;
- Реконструкција на санитарните јазли;
- Реконструкција на ходник и тавански плафон како и промена на врати( 5.000.000 денари)
- Промена на осветлувањето во цела училишна зграда,училишната спортска сала и училишниот двор ( 1.000.000денари)
- Варосување на целата училишна зграда , промена на под во седум училници, промена на 18 дрвени врати и 4 пвц врати, промена на стар метален прозорец со нов пвц прозор во холот, и реконструкција на тавански плафон на кат.( 2.300.000 денари)
- Изградба на спортски терен со ограда и вештачка трева како и осветлување.( 2.000.000 денари)

11.Ј**ОУДГ Рада Поцева**

Со цел згрижување на сите деца од нашата Општина , се отворија нови детски градинки, едната во с.Марена, во с.Возарци и нова детска градинка Буба Мара. Грижата за најмладите се согледува низ низа проекти кои се од големо значење

пред се за нивното  здравје и средината во која тие го минуваат поголемото време од денот.  За таа цел,  сите занимални се снабдени со прочистувачи за воздух. Се реализираа набавки, испораки и монтажи на метални огради и вентилационен систем во главната кујна.
Во објектите Снежана и Детелинка се изврши доградба на занимални. Се реконструираа плафоните и тоалетите, а имаше реконструкција и на објектите Гроздоберче,  Изворече и Снежана. Набавени и испорачани беа и клима уреди за доопремување на занималните.
Во периодот 2020/2021 година се извршени следните капитални инвестиции:
- Реконструкција и молерисување на објектите во износ од 2.412.902,00 денари.
- Реконструкција на тоалети и настрешници во објектите во износ од 1.061.260,00 ден.
- Набавка и монтажа на самостоечки комбиниран резервоар хигиеник за греење на санитарна вода во износ од 159.300,00 ден.
- Купување на кујнска опрема во износ од 764.640,00 ден.
- Купување на информатичка опрема во износ од 339.407,00 ден.
- Купување на училишен мебел во износ од 1.287.700,00 ден.
- Во објектот Гроздоберче од страна на Општина Кавадарци имаме поставување на систем на Централно ладење и греење преку проект на UNDP.



***Нова детска градинка во с.Марена***



*Опремување на занималните*
*со дидактички материјали*



*Нови простории за педагог и психолог*
*во ООУ Тоде Хаџи Тефов*



*Нова библиотека во ООУ Тоде Хаџи Тефов*



*Изградба на нова детска градинка во с. Возарци*



*Оградување на детски градинки*



*Реконструкција на фасада во СОЗШУ Ѓорче Петров*





*Реконструкција на санитарни јазли во СОЗШУ Ѓорче Петров*

**Проекти аплицирани и одобрени од Министерство за образование и наука во 2021 година**

- Проект за препокривање на кров во ООУ "Тошо Велков Пепето" – Кавадарци

Со овој проект ќе се опфати симнување на постоечката кровна покривка како и поставување на нов пластифициран ребраст кровен лим. Инвестицијата е во вредност од 8.689.845 денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.

- Проект за промена на осветлување со ЛЕД светилки во  СОУ "Киро Спанџов Брко" – Кавадарци

Со цел подобрување на условите и квалитетот на училишното образование во СОУ Киро Спанџов –Брко, како и заштеда на електрична енергија ќе се реализира проектот за реновирање и замена на постоечкото осветлување во просториите и надвор во училишниот двор со економични ЛЕД светилки. Од изградбата на училиштето до сега нема направено интервенции во осветлувањето и затоа е потребно да се променат со што ќе се задоволат потребните стандарди. Проектот е во вредност од 1.939.188 денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.

- Проект за реконструкција на фасада и столарија, кров и подови и други градежно-занаетчиски работи во подрачно училиште "Страшо Пинџур" с. Возарци

Поради лошата состојба на училиштето во с. Возарци, со што се јавуваат ризици од прокиснување во внатрешноста на објектот ќе се направи реконструкција на целосниот кров, како и реконструкција на фасадата и градежно занаечтиски работи во внатрешноста на училиштето кои опфаќаат санација на под, плафон и ѕидови.  Со сите овие градежни активности ќе се подобрат условите за работа како и одвивање на квалитетна настава. Инвестицијата е во целост финансирано од Министерството за образование и наука и е во висина од 8.584.058 денари.

- Проект за реконструкција и санација на ЦОУ "Д.А. Габерот" Кавадарци

Со овој проект ќе се реализираат следните активности: реконструкција и санација

на ѕидови и плафони, замена на внатрешна столарија, промена на електричната инсталација како и замена на на радијаторите на постоечкиот систем за греење со фенкоилери што ќе доведе до заштеда на енергија. Проектот е во вредност од 8.151.642 денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.

- Проект за реконструкција и санација на "Д.А. Габерот" с. Сопот

Со цел да се зголеми безбедноста на учениците во училиштето во с. Сопот ќе се изврши реконструкција на целосната електрична инсталација, како и активности за подобрување на основата на улишитето која е во лоша и незадоволителна состојба. Активностите се: санација на училници и ходници, адаптација на тоалети за лица со хендикеп, асфалтирање на спортско игралиште како и промена на врати и портали. Инвестицијата е во целост финансирано од Министерството за образование и наука и е во висина од 5.757.342 денари.

- Проект за реконструкција на подови, промена на дел од внатрешна столарија и реконструкција на кров во СОУ "Киро Спанџов Брко" Кавадарци

Со цел подобрување на условите за работа во СОУ Ќиро Спанџов Брко во Кавадарци, кое е изградено во 1979 година и нема извршено реконструкција повеќе од 20 години ќе се изврши промена на подови и внатрешна столарија како и целосна реконструкција на спортската сала. Проектот е во вредност од 3.334.108 денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.

- Проект за реконструкција и санација на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци

Училиштето Страшо Пинџур во Кавадарци е изградено во 1941 година и е во лоша и незадоволителна состојба за извршување на настава. Со таа цел ќе се изврши замена на подови во училиштето, реконструкција и санација на сите тоалети како и адаптација на тоалети за лица со хендикеп, комплетна промена на врати, обнова на асфалтен слој во дворот на училиштето како и реконструкција на фасадата. Инвестицијата е во вредност од 8.331.067 денари и е во целост финансирано од Министерството за образование и наука.

Манифестации

Општина Кавадарци ги почитува традицијата и културата . Како потврда за тоа е и покровителството во организирањето на трите најзначајни манифестации кои ја отсликуваат традицијата ,културата и сегашноста на кавадарчани.
Св.„Трифун"
Секоја година , 14 февруари Православната христијанска црква го чествува како ден на лозарите и градинарите , а светецот се смета и како покровител на меанџиите.Овој празник во Кавадарци е меѓу најпочитуваните . Традиционално , на 14 февруари се врши обредното закројување на лозјето . Во последните две децении и Општина Кавадарци е вклучена активно во одбележување на празникот .Под покровителство на Градоначалникот и Советот на градскиот плоштад се организира богата културно уметничка програма , каде општината слави заедно со лозарите ,граѓаните и гостите од страна .

Во изминатата година односно во периодот од 01.11.2019г. до 01.10.2020г, иако не беа реализирани и остварени многу проекти и културни манифестации поради ситуацијата со Covid19, сепак во зависност од тоа како налагаа околностите, се остварија следните:
- Отварање на Кавадаречка културна есен на градскиот плоштад. Отварањето беше проследено со чалгиска музика и традиционални инструменти, како и изложба по повод "1000 години Бигорски Манастир".
- Меѓу позначајните реализирани проекти може да го наведеме отворањето на Винскиот музеј во нашиот град, во Градскиот Парк, каде производителите на вина од регионот, ќе може да ги промовираат своите производи на едно место, а со тоа ќе се обезбеди една поголема промоција на нашиот вински регион што ќе придонесе да го подобриме локалниот економски развој. Станува збор за проектот "Унапредување и промоција на вински туризам во Вардарскиот планински регион, преку инфраструктурно уредување на регионален вински центар – Винска куќа во општина Кавадарци".
- Од изложбите во музеј галеријата би ја издвоиле изложбата на Влатко Деков, изминатата година на 1ви Ноември. Бевме почестени со присуството на амбасадорот на Република Чешка, неговата Екселенција г-дин Мирослав Томан кој воедно ја отвори изложбата насловена "Прага интима".
- Поради ситуацијата со пандемијата од корона вирусот,оваа година во нашиот град не се одржа традиционалната манифестација Тиквешки Гроздобер. Средствата кои беа предвидени за Тиквешкиот Гроздобер, се пренасочија за апитални инвестиции во нашата општина.



*Св. Трифун 2020 год.*





*Тиквешки гроздробер*



*Спомен соба на Никола Бадев*

**Проекти реализирани во период од 2020-2021**

**Градска Библиотека "Феткин"**

Во периодот од 2020/2021 год., во Градската Библиотека "Феткин" беа реализирани следните проекти:

- Промена на прозорците во ходникот и во делот каде што се складираат книгите.
- Отворен е нов влез во издавачкиот дел
- Поставена е вентилација во подрумскиот дел

**Дом на култура "Иван Мазов Климе"**

Во периодот од 2020/2021 год., во Домот на културата "Иван Мазов Климе", беа реализирани следните проекти:

- Замена на стариот со нов кров во театарските простории на институцијата.
- Поставување на ограда во дворот на Домот на културата.

**Музеј Галерија**

- Печатење на Ризница на ликовни дела – фотомонографија

Локален Музеј галерија во соработка со Министерството за Култура целосно го реализира проектот за Печатење на Ризница на ликовни дела – фотомонографија, за сите ликовни дела од збирката на Локален Музеј галерија. Средствата за реализација на овој проект беа обезбедени од страна на Министерството за култура во износ од 40.580,00 денари.

- Изведување на градежни работи за Музеи – Депо

Локален Музеј Галерија за збирката на своите уметнички дела имаше потреба за изработка на Депо каде истите би можеле да бидат чувани. За таа цел лица од одделението за Историја на Уметност изготвија проект за изведба на депо и истиот беше одобрен од страна на Министерството за Култура. Проектот е реализиран во целост а средствата за реализација на истиот се обезбедени од страна на Министерството за култура и дел од Буџетот на Локалната Самоуправа при нашата Општина.

- Проект за реновирање на Спомен Куќата на Народниот Херој Страшо Пинџур

Министерството за Култура го одобри проектот за реновирање на Спомен куќата на Народниот херој Страшо Пинџур во с.Ваташа. Целосно е реализиран проектот, а средствата се обезбедени од страна на Министерството за Култура и финансиска поддршка од Локалната Самоуправа.

- Реновирање и доградба на санитарен чвор

За потребите на Локален Музеј Галерија Кавадарци се пристапи кон реновирање и доградба на санитарен чвор. Се изведоа два санитарни чвора и се реновираше делот предвиден за кујна. Проектот е реализиран со средства од Буџетот на Локалната Самоуправа при општина Кавадарци.

- Доградба на просторија

Со оглед на зголемениот број на вработени во Музеј Галеријата, се појави потреба за доградба на дополнителна посторија и обезбедување добри услови за работа. Проектот е одобрен и финансиран со средства од Буџетот на Општина Кавадарци, а е во висина од 220.000,00 денари.

- Изложбена Витрина и Пано

Локален Музеј галерија Кавадарци преку Министерство за Култура и со средства од него, го реализираше проектот за обнова на паноата во спомен куќата на Народниот Херој Страшо Пинџур. Беше изработена и една изложување на предмети. Вкупната сума на овој проект изнесува 69.000,00 денари.

**ЈОУ Локален Вински Музеј**

Во текот на 2021 година во делот на инвестициите од страна на Општина Кавадарци, Локалниот Вински Музеј има добиено средства во висина од 300.000,00 денари за кои спроведе постапка за набавка од мала вредност за изведување на работи: реконструкција, адаптација на административен дел (канцеларии).

Проекти кои се реализираа во периодот од 2020/2021 година се:

- Внатрешни врати од медијапан (2 (две))
- ПВЦ прозори со термопан стакло (3 (три))
- Набавка транспорт и монтажа на ламинат – 24м2
- Електрична инсталација со кабел за цел простор – 72м2
- Преграден ѕид од гипс картонски плочи со исполна камена волна, бандажирање и глетување – 72м2
- Набавен е мебел во вредност од 59.000,00ден.

Општина Кавадарци во партнерство со Здружението на Семејни винарии и Здружение на Винари на Република Македонија-Кавадарци, го реализираа проектот „Градска Винотека", проект кој што пред се има едукативен карактер и е насочен кон промоција и поддршка на винарството и лозарството. Проектните активности ќе се реализираат во период од 5 години, и воглавно ќе бидат поделени во три фази, односно од едукативен карактер, промоција на винарството и лозарството, како и организирање на настани за дегустација, работилници за производство на вино, обуки за сомелиери. Покрај овие активности, ќе се организираат вински тури, организација на фестивали, изложби на производи од грозје, како и изработка на турустичка понуда за Тиквешкиот регион.




***Винотека - Семејни винарии***




*Библиотека Феткин*



*Библиотека Феткин*

- Проектите кои беа реализирани во првите две години, оваа година беа надополнети со уште низа значајни и неопходни проекти за потребите на сите учесници во општеството.

- Беше реализирано асфалтирање и осветлување на атлетската патека на Спортскиот Центар "Јасмин". За таа цел беа издвоени финансиски средства во вредност од 2.523.799 денари.

- Се изврши оградување на спортскиот комплекс "Јасмин". За оваа реализација се издвоија 2.867.117 денари.

- ООУ "Тоде Хаџи Тефов" доби нова спортска сала во склоп на училиштето, во вредност од 18.450.000 денари.

- Се реконструираше и спортската сала "Партизан", а за остварување на тоа се издвоија финансиски средства во вредност од 5.999.238 денари.

- Се бетонираше кошаркарското игралиште на ул. "Кочо Рацин" во износ од 250.000 денари.

- Во првите две години Градоначалник, започна изградба на Скејт парк за чија реализација беа предвидени финансиски средства во износ од 4.646.840 денари. Во месец август годинава, во нашата општина заврши изградбата на Скејт паркот во кој најмладите ќе можат да го минуваат слободното време низ игра и забава. Реализацијата на овој проект беше под иницијатива на претставник од невладин сектор со подршка од Германската амбасада која исто така издвои средства за негова изграда.

- Агенцијата за млади и спорт (АМС) даде свој придонес при реконструкција на Градскиот стадион "Тиквеш". Во вредност од околу 12.000.000 денари, се изврши целосна санација на тревната површина.

- ФФМ во текот на реконструкцијата на Градскиот стадион "Тиквеш", ги уреди источната и јужната трибина во вредност од 15.300.000 денари.

- Општината нуди подршка на 42 спортски здруженија и клубови за индивидуални и колективни спортови во висина од 12.100.000 денари.

- Во висина од 800.000 денари, Општина Кавадарци на име на акционерски капитал за основање на Акционерско Друштво – Градски Ракометен Клуб Тиквеш 2014.



*Скејт парк*



*Скејт парк*



- Проектите кои беа реализирани во првите две години, оваа година беа надополнети со уште низа значајни и неопходни проекти за потребите на сите учесници во општеството.

- Беше реализирано асфалтирање и осветлување на атлетската патека на Спортскиот Центар "Јасмин". За таа цел беа издвоени финансиски средства во вредност од 2.523.799 денари.

- Се изврши оградување на спортскиот комплекс "Јасмин". За оваа реализација се издвоија 2.867.117 денари.

- ООУ "Тоде Хаџи Тефов" доби нова спортска сала во склоп на училиштето, во вредност од 18.450.000 денари.

- Се реконструираше и спортската сала "Партизан", а за остварување на тоа се издвоија финансиски средства во вредност од 5.999.238 денари.

- Се бетонираше кошаркарското игралиште на ул. "Кочо Рацин" во износ од 250.000 денари.

- Во првите две години Градоначалник, започна изградба на Скејт парк за чија реализација беа предвидени финансиски средства во износ од 4.646.840 денари. Во месец август годинава, во нашата општина заврши изградбата на Скејт паркот во кој најмладите ќе можат да го минуваат слободното време низ игра и забава. Реализацијата на овој проект беше под иницијатива на претставник од невладин сектор со подршка од Германската амбасада која исто така издвои средства за негова изграда.

- Агенцијата за млади и спорт (АМС) даде свој придонес при реконструкција на Градскиот стадион "Тиквеш". Во вредност од околу 12.000.000 денари, се изврши целосна санација на тревната површина.

- ФФМ во текот на реконструкцијата на Градскиот стадион "Тиквеш", ги уреди источната и јужната трибина во вредност од 15.300.000 денари.

- Општината нуди подршка на 42 спортски здруженија и клубови за индивидуални и колективни спортови во висина од 12.100.000 денари.

- Во висина од 800.000 денари, Општина Кавадарци на име на акционерски капитал за основање на Акционерско Друштво – Градски Ракометен Клуб Тиквеш 2014.

- По програма за активности на Општина Кавадарци во областа на Спорт и млади во 2020 година опфатени се 43 спортски клубови и им се исплатени финансиски средства во висина од 11.820.000 денари и во 2021 година се опфатени 47 спортски клубови и исплатени се средства во висина од 5.277.000 денари. Вкупната сума за изминатата година изнесува 17.097.000 денари.

- За одржување и работењето на лизгалиштето се потрошени 700.000,00 денари.

- Направена е целосна реконструкција на соблекувалната на фудбалското игралиште во с. Сопот во вредност од 2.000.000 денари і во тек е реконструкција на соблекувалните на фудбалското игралиште во с. Марена во вредност од 2.000.000 денари.

- Велосипедско-пешачка патека од с.Ваташа до Моклиште, е долга 4км. За реализацијата овој проект се потрошени вкупно 29.500.000ден, од кои 29.000.000ден се обезбедени средства преку Програмата за финансиска подршка на руралниот развој, а останатите средства се од Општина Кавадарци.

- На Градскиот базен Кавадарци отворена е бесплатна Пливачка школа за деца од 7 до 10 годишна возраст ,во која учество земаа 110 деца кои учеа техника на пливање во период од 09.07.2021 до 20.08.2021 година.

- Реконтруиран е Градскиот фудбалски стадион Тиквеш

- Агенцијата за млади и спорт одвои 12.000.000 денари за реконструкција на модерен систем за наводнување.

- Фудбалската федерација на Македонија донираше од 20 000 000 до 25 000 000 денари за реконструкција на јужна и источна трибина. Исто така се донирани и 2000 нови столчиња.

- Агенцијата за млади и спорт го финансираат новиот затворен пливачки базент-Лалуна. Финансиската конструкција за овој проект изнесува 30 000 000 денари.

# ДОНАЦИИ ВО 2021 година

| Ред. Бр. | Правен субјект кој донирал | Вид на донација | Вредност | Кус опис за донацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДПТУ “КОЖУВЧАНКА” ДОО Кавадарци | Услуга – работа со багер на патен правец Бојанчиште - Клиново | 389.400,00 денари | Потврден Јавен интерес завршена цела постапка |
| 2. | ДПТУ “ЗОКА ТРЕЈД” ДООЕЛ Неготино | 8000 броја заштитни маски | 48.144,00 денари | Потврден Јавен интерес завршена цела постапка |
| 3. | ДПТУ “КОЖУВЧАНКА” ДОО Кавадарци | Метални столбови за тротоар 1008 броја | 352.800,00 денари | Потврден Јавен интерес завршена цела постапка |
| 4. | ДУТП “ВЕЛКОМ ТРЕЈД” ДОО Кавадарци | Техничка документација за изградба на кружен тек на Р1107 | 446.866,00 денари | Поднесено барање до МП на 12.03.2021 |
| 5. | Општина Кавадарци на Македонска Православна Црква | Финансиски средства | 2.600.000,00 денари | Поднесено барање до МП на 23.03.2021 |
| 6 | ДПТУ “КОЖУВЧАНКА” ДОО Кавадарци | Сепариран Песок | 32.738,00денари | Поднесено барање до МП на 09.04.2021 |
| 7. | ДПТУ “КОЖУВЧАНКА” ДОО Кавадарци | Јавен превоз на патници | 96.000,00 денари | Поднесено барање до МП на 09.04.2021 |
| 8. | ЈБД ЕКСПРЕС ДООЕЛ Кавадарци | Јавен превоз на патници | 20.000,00денари | Поднесено барање до МП на 09.04.2021 |
| 9. | ДПТУ ФУЛАКИС ДООЕЛ Кавадарци | Јавен превоз на патници | 12.000,00 денари | Поднесено барање до МП на 20.04.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | НЛБ БАНКА АД Скопје<br>Дадени на 4 Основни училишта | 16 Персонални Компјутери (Лаптопи) на | 477.120,00 денари | Поднесено барање до МП на 22.04.2021 |
| 11. | ЗГ РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ<br>Дадена на СОУ Киро Спанцов Брко | Фотонапонска централа | 369.694,00 денари | Поднесено барање до МП на 26.05.2021 |
| 12. | ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци | Урбана опрема | 185.732,00 денари | Поднесено барање до МП на 04.06.2021 |
| 13. | ЗГ "ЕКО ИНДИКАТОР" Кавадарци | Проект – идејно решение за изградба на Парк на културата | 200.000.00 денари | Потврден Јавен интерес завршена цела постапка |
| 14. | Ѓорѓи Кимов од Неготино | Уметнички слики и резба | 110.700,00 денари | Потврден Јавен интерес завршена цела постапка- ДАДЕНИ НА ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ – ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ |
| 15. | ДПООПТУ "Ресурс ЛТДИ" Кавадарци | Урбанистички проекти за фотонапонски панели | 354.000,00 денари | Поднесено барање до МП на 02.07.2021 |
| 16. | ДООТПУ "СЛОГА ПРОМ" Кавадарци | Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај | 58.240,00 денари | Поднесено барање до МП на 23.07.2021 |
| 17. | ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО Кавадарци | 20 столбови за поставување на сообраќајни знаци | 20.060,00 денари | Поднесено барање до МП на 25.08.2021 |
| 18. | ЗГ РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ<br>Дадена на СОУ Музичко училиште | Опрема за музички кабинети | 240.000,00 денари | |




*Регионален Вински музеј*



*Градски стадион*



*Западен булевар*



*ул.Шишка*



*Дел од новото улично осветлување*



*Фонтана Парк на револуцијата*




*Градски плоштад*




*Туристичко информативно биро*



*СЦ Јасмин*

**2018 година**

**ПЛАНИРАН БУЏЕТ - 854 000 000 денари**
**РЕАЛИЗАЦИЈА - 79%**

**2019 година**

**ПЛАНИРАН БУЏЕТ - 990 447 000 денари**
**РЕАЛИЗАЦИЈА - 81%**

**2020 година**

**ПЛАНИРАН БУЏЕТ - 944 989 000 денари**
**РЕАЛИЗАЦИЈА - 83%**

**2021 година**

**ПЛАНИРАН БУЏЕТ - 1 209 233 000 денари**
**Очекувана реализација до 31.12.2021 година - 90%**

**Четири години Градоначалник**
**Отчет за реализирани проекти**
**Издавач: Општина Кавадарци - Локална самоуправа**
**Уредник: Сузана Андоноски**
**Сандра Андова**
**Викторија Китева**
**Радица Гркова**
**Дизајн: Петре Здравков**
**Печати: АРТ ПРИНТ СТУДИО**
**Насловна фотографија: Александар Ѓорѓиев**
**Тираж 1000 примероци**
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ